Софија АРНАУДОВА УДК: 316.613.4-057.87

# ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛОТ И ЕКСТРАВЕРТНОСТА НА СТУДЕНТИТЕ-СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕТО НА ЕМОЦИИТЕ

***Кратка содржина***

*Истражувањето во овој труд е спроведено со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу полот, цртата на личност екстравертност-интровертност и препознавањето на емоциите кај студентите. За таа цел е користен пригоден примерок од 96 студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика, од кои 72 се од женски пол, а 24 се од машки пол. Цртата на личност екстравертност-интровертност е мерена со помош на подскала за мерење на димензијата екстравертност-интравертност од прашалникот EPQ (Ајзенк), додека пак, препознавањето на емоции е мерено со прашалник констуиран за таа цел од истражувачот. Од добиените резултати може да се изведат следниве заклучоци:*

- *Студентите од женски пол полесно ги препознаваат емоциите за разлика од студентите од машки пол*
- *Не постои статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите помеѓу екстравертните и интровертните студенти.*
- *Студентите од женски пол кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите за разлика од студентите од машки пол кои се екстравертни.*
- *Не постои статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите помеѓу студентите од женски пол кои се интровертни и студентите од машки пол кои се интровертни.*
- *Не постои статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите помеѓу студентите од машки пол кои се екстравертни и студентите од машки пол кои се интровертни.*
- *Студентите од женски пол кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите за разлика од студентите од женски пол кои се интровертни.*

***Клучни зборови:*** *ПОЛ, ЕКСТРАВЕРТНОСТ, ИНТРОВЕРТНОСТ, ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЕМОЦИИ.*

## ВОВЕД

Емоциите ја даваат смислата на нашиот живот. Какви личности би биле кога не би имале чувства – радост, гнев, жалост, тага? Дури и кога би сакале да бидеме бесчувствителни, тоа е сигурно невозможно. Емоциите се вткаени во нашето постоење и делуваат на нашето однесување на безброј начини. Иако сите ние интуитивно знаеме што се емоции, не е лесно да се дојде до унифицирана научна дефиниција. Проценувањето т.е. препознавањето на емоциите е значајно за успешна комуникација меѓу луѓето. Тоа се врши со помош на интроспекција, кога се во прашање сопствените емоции, или со помош на надворешни знаци на однесување, кога се во прашање емоциите на други лица. Проценувањето врз основа на надворешно однесување е полесно кога добро се познаваат вообичаените знаци на изразување на емоциите и ситуацијата – контекстот во кој се јавуваат. Исто така, важно е културното милје. Изразувањето на емоциите, а со тоа и препознавањето на емоциите, зависи и од учењето како да ги изразуваме одредените емоции. Постојат антрополошки податоци кои покажуваат дека, исти емоции во различни услови и средини се изразуваат на различен начин. Така, плукањето на некого кај нас, и кај некои други народи, е израз на одвратност и краен презир, а кај некои африкански племиња е знак на добра волја и наклоност. Постојат испитувања кои покажуваат дека поуспешни во проценувањето се екстравертните луѓе, оние со поголема самодоверба и оние што поцелосно знаат да набљудуваат. Некои велат дека жените се поуспешни од мажите, но не е доволно познато дали тоа е резултат на нивната природа или на различниот начин на воспитување. Имено во процесот на воспитувањето, најчесто од девојчињата се очекува и бара да ги покажуваат своите емоции, а пак од момчињата да ги потиснуваат и да не ги изразуваат, како знак на машкост (пр. „момчињата не плачат").

*Емоциите* се психички процеси што го изразуваат човековиот однос кон предметите, настаните и другите луѓе, но и неговиот однос кон самиот себе си, кон сопствените постапки и доживувања. Голем број истражувања покажуваат дека мажите и жените имаат различни емоционални искуства од процесот на социјализацијата, па така мајките покажуваат повеќе емоционалност во однесувањето и воспитувањето на нивните ќерки, отколку во односот со нивните синови (Belenky, Clinchy, Goldberger&Tarule, 1986; Saarni, 1989, http://www.paulekman.com). Низ социјализацијата женските лица типично учат да ги вреднуваат емоциите, имаат желба да креираат и вред-

нуваат интимности, и ултимативно дел од нивниот идентитет вклучува интерперсонални и емоционални врски со други луѓе, повеќе отколку што е тоа кај машките. Во својата книга *Експресија на емоциите кај човекот и животните,* Дарвин, дошол до идеја дека менталните состојби предизвикуваат однесување, вклучувајки и сет од координирани движења на лицето (наречени експресија). Како последица на одредена емоционална состојба или емоција, најчесто се јавуваат одредени движења на лицето. Лицето е најкомплексниот сигнален систем кај човекот. Нашата фацијална мускулатура вклучува повеќе од 40 функционални- анатомски единици, кои може да се движат независно кај секој од нас. Со нивна комбинација се добиваат над стотина фацијални експресии. Луѓето од целиот свет, без разлика на расата, културата, полот или религијата, препознаваат типични фацијални експресии на *лутина, завист, тага, среќа, страв, гадење и изненадување.* Препознавањето на останатите фацијални експресии зависи од други фактори (како култура, професија, пол) и е потешко. Испитувањата покажуваат дека од движењата на лицето, најзабележителни изрази на емоции се движењата на мускулите околу очите и мускулите околу устата. Врз основа на овие движења се јавуваат карактеристични разлики во изразот на лицето при позитивни и при негативни чувства. При задоволство, мускулите околу очите и устата се подигнати, а при незадоволство се спуштени. Шематски тоа може да се претстави како на сликата:



Сл. 1.
Шематски приказ на задоволство и незадоволство

Овие разлики во изразот на емоциите се најлесно воочливи, и токму затоа најлесно и најточно е препознавањето на емоциите како позитивни и негативни. Нешто потешко е препознавањето, само врз основа на изразот на лицето, на основните емоции (страв, гнев, радост и тага), а најголеми грешки и потешкотии се јавуваат во препознавањето на сложените емоции. Чести карактеристични движења при емоциите се и движењата на телото, особено на рацете и нозете (радост-цврсто и исправено движење); гласот (жал-липање и пла-

чење, радост-смеа) и говорот (при гнев, гласот е повисок, долгите зборови се скратуваат, а паузите меѓу говорните целини се намалуваат).

*Екстраверзијата* пак, како димензија на личност, му се припишува на некој толку повеќе, колку што тој си припишува:

- радост поради дружење со другите, потреба и способност за живо, повеќе од ведро дружење, акцентиран контакт со друг човек (друштвеност),
- живост, тежнеење за доживување, превземање и неоптовареност (активитет)( http://en.wikipedia.org/wiki/Extraversion).

Интроверт наспроти екстраверт е веројатно најпознатата типологија за личност која ја застапувал Јунг (Јунг, 1923 според Креч и Крачфилд, 1973). Екстравертните луѓе се отворени за дружење и за комуникација и трагаат по возбуда. Спротивно од нив, интровертните луѓе се повеќе резервирани, помалку отворени и не се дружељубиви. Тие не се антисоцијални, но се трудат да имаат помал круг на пријатели и не се заинтересирани за воспоставување на нови социјални контакти. Екстравертните луѓе уживаат во интеракциите со луѓето, тие се ентузијасти, зборливи, отворени за дружење. Се вклучуваат во големи социјални случувања, како забави, општествени активности, јавни демонстрации, бизнис и политички групации. Екстравертните луѓе повеќе уживаат во времето поминато со други луѓе и помалку го вреднуваат времето што го минуваат сами. Интроверзија е состојба или тенденција кон целосно или преовладувачко интересирање за сопствениот ментален живот. Интровертите се тивки, повлечени, затворени луѓе, кои не се вклучуваат во социјалните активности. Тие уживаат во самостојни активности како читање, пишување, гледање филмови, инвентивност и дизајнирање. За нив е карактеристично дека повеќе уживаат сами да го поминуваат времето, и помалку го вреднуваат времето поминато во група (иако може да уживаат во интеракција еден-на еден или во тесен круг на блиски пријатели).

Ајзенк вели дека екстравертноста е тенденција за уживање во социјалните случувања. Ектравертните лица трагаат по социјални активности се со цел да го зголемат нивото на нивната мозочна возбуденост, додека интровертните лица бараат тивки ситуации и избегнуваат социјални активости за да го одржат нивото на мозочна возбуденост на минимум. Во Западната култура екстравертноста се смета за социјално пожелна и посакувана црта на личност. Но, не секогаш екстравертите се во предност. Во долгогодишните истражувања, истражувачите откриле дека интровертните лица се поуспешни во

академската средина, која за екстравертните лица многу често може да е здодевна. Екстравертните млади се повеќе склони кон деликвентно однесување. Советниците, при избор на кариера, често ги земаат димензиите екстравертност-интровертност, заедно со другите фактори како способностите, интересите, вештините, за да ги советуваат нивните клиенти. Некои кариери, како на пр. програмирање бара интровертен тип на личност, а маркетинг агент или продажба, екстравертен тип на личност. Човековото искуство покажува дека, луѓето обично се во можност да ги откријат емоциите кои другите луѓе ги доживуваат, едноставно набљудувајќи ја нивната фацијална експресија, гестовите итн. Од друга страна, постојат голем број докази за неуспешна идентификација на емоционалните изрази. Извршени се голем број на експерименти со цел да се утврди колку точно посматрачите ги проценуваат емоциите врз основа на надворешните изрази.

Постојат голем број на студии, работени врз основа на перцепција на експресијата на емоциите кај други лица. Во едно истражување, (Elfenbein&Ambady, 2002; Russell, 1994; Russell&Fernandez-Dols, 1997, http://www.nova.edu/ssss/QR/QR7-1/kostiuk.html) од субјектите се барало да ја препознаат и категоризираат емоцијата која ја гледаат на лицето на друг човек или кога го слушаат неговиот глас. Се покажало дека тие биле способни да ја препознаат емоцијата врз база на движењата на лицето и разликите во гласот. Роберт Розентал (Robert Rozenthal, 1977, http://www.nova.edu/ssss/QR/QR7-1/kostiuk.html), психолог од Харвард, врз основа на спроведното истражување на повеќе од 7000 луѓе во Америка и во осумнаесет други земји, дошол до заклучок дека предност во препознавањето на туѓите емоции врз основа на невербални знаци имаат емоционално постабилни, во друштво популарни и секако поосетливи лица. Воопштено посматрано, на овој тип на емпатија, жените се понаклонети за разлика од мажите. Тие претпоставуваат дека девојчињата пред момчињата ја развиваат способноста за јазично изразување, дека се поискусни и повешти во изразувањето на емоциите отколку момчињата; научниците забележуваат дека за разлика од девојчињата „момчињата кои ги потиснуваат емоциите, можат да станат несвесни за своите и туѓите емоционални состојби". Д. Мацумото, Џ. Вајт, П. Екман и Р. Паргас (David Matsumoto; James Witte; Paul Ekman&Roy Pargas, 2005, http://www.nova.edu/ssss/QR/QR7-1/kostiuk.html), спровеле глобална студија online за препознавање на емоции. Тие го тестирале препознавањето на основните емоции, но земале различни варијанти од нив (на сликите биле прикажани фацијални експресии со различен ин-

тензитет на изразеност од основните емоции). Во истражувањето се вклучиле приближно 50 000 лица од целиот свет. Резултатите покажуваат дека жените поточно, полесно ги препознаваат емоциите од мажите, без разлика на нивниот интензитет. Жените се почувствителни при препознавањето дури и кога има малку информации за емоционалниот израз и кога е многу кратко времето на гледање на емоционалниот израз.

## МЕТОД

Ова истражување има неколку цели од кои главната е *да се утврди дали полот на студентите и цртата на личност екстраверзија-интроверзија учествуваат во препознавањето на емоциите кај студентите?*

Од тука произлегуваат и следниве хипотези:

**Хипотеза 1:** Студентите од женски пол полесно ги препознаваат емоциите од студентите од машки пол.

**Хипотеза 2:** Студентите кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите од студентите кои се интровертни.

**Хипотеза 3:** Студентите од женски пол кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите од студентите од машки пол кои се екстравертни.

**Хипотеза 4:** Студентите од женските пол кои се интровертни полесно ги препознаваат емоциите од студентите од машки пол кои се интровертни.

**Хипотеза 5:** Студентите од машки пол кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите од студентите од машки пол кои се интровертни.

**Хипотеза 6:** Студентите од женски пол кои се екстравертни полесно ги препознаваат емоциите од студентите од женски пол кои се интровертни.

***Варијабли*** во ова истражување се:

- **пол** (независна варијабла) – која вклучува две категории: машки и женски;
- **ектравертност** (независна варијабла) – под *екстравертна личност* се подразбира личност која има желба за дружење и комуникација, отворен контакт со други луѓе и отворено изразување на емоции, која е свртена кон надвор, кон другите луѓе и кон случувањата. Наспроти неа, *интровертната личност* е субјективна по својата ориентација, склона

кон фантазирање и самоанализирање, резервирана и со строга контрола на изразувањето на емоциите;

- **препознавање на емоциите** (зависна варијабла) – точно проценување на емоциите на другите лица само врз основа на нивната фацијална експресија, односно повисок скор добиен на прашалникот за препознавање на основните емоции.

***Испитаници***

Истражувањето е спроведно на пригоден примерок од 96 испитаници, студенти на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот Факултет во Скопје. Од вкупниот број на испитаници, 72 се испитнаници од женски пол, додека 24 се испитаници од машки пол. Истражувањето беше спроведено во текот на месец април 2007 година.

***Мерни инструменти***

За мерење на цртата на личност ***екстравертност-интровертност*** беше применета соодветна потскала од прашалникот за мерење на цртите на личност EPQ. Прашалникот EPQ, чиј автор е Ајзенк, се состои од четири потскали: потскала за цртата невротицизам N (стабилност-лабилност); потскала за цртата екстравертност-интровертност E; потскала за цртата психотицизам P (непопустливост-попустливост) и потскала на искреност L, која е контолна скала за дисимулација. Потскалата E, се состои од вкупно 21 искази на кои се одговара со два понудени одговори и тоа: ДА или НЕ. Вкупниот скор за димензијата екстравертност-интровертност е сума од сите одговори. Според вкупниот скор, врз основа на емпириската аритметичка вредност, може да се направи поделба на испитаниците на *екстравертни* (скор над 16) и *интровертни* (скор под 16).

За мерење на варијаблата ***препознавање на емоции***, се користеше прашалник конструиран од испитувачот за целта на испитувањето. Прашалникот се состои од 12 сликички, на кои се прикажани фацијални експресии на основните емоции (страв, гнев, радост и тага). Под секоја сликичка се напишани четирите основни емоции како понудени одговори. Од понудените одговори требаше да се заокружи еден, кој субјектот мислеше дека е точен. Вкупниот скор за препознавање на емоции е сума од сите точни одговори.

## РЕЗУЛТАТИ

Во табела 1. се прикажани дескриптивните показатели за варијаблите екстравертност-интровертност и препознавање на емоции.

Од Табела 1. може да се види дека емпириските аритметички средини за варијаблите, препознавање на емоции и екстравертност-интровертност, се повисоки од теоретските аритметички средини. Тоа значи дека, скоровите на испитаниците во ова истражување се повисоки од просечните скорови за прашалниците кои беа искористени во истражувањето.

**Табела 1**. Емпириски артитметички средини (М), теоретски аритметички средини (М), стандардна девијација (SD), минимални и максимални вредности (MIN и MAX) за истражуваните варијабли.

| Параметар | M | Теоретска M | SD | MIN | MAX |
|---|---|---|---|---|---|
| Препознавање на емоции | 10.29 | 6.5 | 1.423 | 6 | 12 |
| Екстравертност-интровертност | 15.78 | 11 | 3.971 | 5 | 21 |

Во Табела 2. дадени се средните вредности (М), стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на полот на испитаниците и значајноста на рзлики помеѓу двете споредувани групи.

Со тестирањето на *Хипотеза 1.* со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=0.281 и t-тест кој изнесува t=2.658 што значи дека помеѓу женските и машките студенти постои разлика во однос на препознавањето на основните емоции, односно женските лица полесно ги препознаваат емоциите од машките лица со што се потврдува првата хипотеза.

**Табела 2.** Средни вредности – емпириски аритметички средини (М) и стандардна девијација (SD) и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за препознавање на емоциите во однос на пол

| Пол | | N | M | SD | F | t-тест | df |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препознавање на емоции** | **машки** | 24 | 9.71 | 1.215 | | | |
| | **женски** | 72 | 10.92 | 1.406 | 0.281 | 2.658 | 94 |

Во Табела 3. дадени се средните вредности (М) и стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на цртата на личност екстравертност-интровертност на испитаниците и значајноста на рзлики помеѓу двете споредувани групи.

Со тестирањето на *Хипотеза 2.* со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=0.051 и t-тест кој изнесува t=1.045. Износот на t-тестот е помал од табелираната вредност на t за 94 степени на слобода што значи дека помеѓу интровертните и ектравертните студенти не постои значајна разлика во однос на препознавањето на основните емоции, односно втората хипотеза не се потврдува.

**Табела 3.** Средни вредности – емпириски аритметички средини (M) и стандардна девијација (SD) и t-тест за значајност на разлики во аритметички средини за препознавање на емоции во однос на цртата на личност екстравертност-интровертност

| **Пол** | | **N** | **M** | **SD** | **F** | **t-тест** | **df** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препознавање на емоции** | **екстраверт** | 64 | 10.49 | 1.438 | | | |
| | **интроверт** | 32 | 10.14 | 1.312 | 0.051 | 1.045 | 94 |

Во Табела 4. дадени се средните вредности (M) и стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на пол и цртата на личност екстравертност на испитаниците и значајноста на рзлики помеѓу двете споредувани групи.

Со тестирањето на *Хипотеза 3.* со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=1.212 и t-тест кој изнесува t=2.391 што значи дека има значајна разлика во аритметичките средини помеѓу групите, односно женските лица кои се ектравертни полесно ги препознаваат основните емоции од машките лица кои се екстравертни со што третата хипотеза се потврдува.

**Табела 4.** Средни вредности- емпириски аритметички средини (M) и стандардна девијација (SD) за препознавање на емоции во однос на пол и цртата на личност екстравертност и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини

| **Пол + екстроверзија** | | **N** | **M** | **SD** | **F** | **t-тест** | **df** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препознавање на емоции** | **ж.екстраверт** | 52 | 11.06 | 1.056 | | | |
| | **м.екстроверт** | 12 | 9.71 | 1.541 | 1.212 | 2.391 | 62 |

Во Табела 5. дадени се средните вредности (M) и стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на пол и цртата на личност интровертност на испитаниците и значајноста на рзлики помеѓу двете споредувани групи.

Со тестирањето на *Хипотеза 4.* со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=0.233 и t-тест кој изнесува t=0.323. Износот на t-тестот е помал од табелираната вредност на t за 30 степени на слобода што значи дека нема значајна разлика во аритметичките средини помеѓу групите, односно нема разлика помеѓу женските интровертни и машките интровертни лица при препознавањето на основните емоции, т.е четвртата хипотеза не се прифаќа.

**Табела 5.** Средни вредности- емпириски аритметички средини (М) и стандардна девијација (SD) за препознавање на емоции во однос на пол и цртата на личност интровертност и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини

| Пол + интраверзија | | N | M | SD | F | t-тест | df |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препознавање на емоции** | **ж. интроверт** | 20 | 10.12 | 1.545 | | | |
| | **м. интроверт** | 12 | 9.98 | 1.231 | 0.233 | 0.323 | 30 |

Во Табела 6. дадени се средните вредности (М) и стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на цртата на личност ектравертност-интровертност на испитаниците од машки пол и значајноста на разлики помеѓу двете споредувани групи.

Со тестирањето на Хипотеза 5. со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=0.017 и t-тест кој изнесува t=0.375. Износот на t-тестот е помал од табелираната вредност на t за 22 степени на слобода што значи дека нема значајна разлика во аритметичките средини помеѓу групите, односно нема разлика помеѓу машките екстравертни и машките интровертни лица при препознавањето на основните емоции со што петтата хипотеза не се прифаќа.

**Табела 6.** Средни вредности – емпириски аритметички средини (М) и стандардна девијација (SD) за препознавање на емоции во однос на цртата на личност екстравертност-интровертност кај студентите од машки пол и t-тест за значајност на разлики во аритметички средини

| Црта на личност | | N | M | SD | F | t-тест | df |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препознавање на емоции** | **м.екстраверт** | 12 | 9.74 | 1.341 | | | |
| | **м.интроверт** | 12 | 9.91 | 1.321 | 0.017 | 0.375 | 22 |

Во Табела 7. дадени се средните вредности (M) и стандардните отстапувања (SD) за варијаблата препознавање на емоции во однос на цртата на личност ектравертност-интровертност на испитаниците од женски пол и значајноста на разлики помеѓу двете споредувани групи.

**Табела 7.** Средни вредности- емпириски аритметички средини (M) и стандардна девијација (SD) за препознавање на емоции во однос на цртата на личност екстравертност-интровертност кај студентите од женски пол и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини

| Црта на личност | | N | M | SD | F | t-тест | df |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Препознавање на емоции | ж.екстраверт | 52 | 11.07 | 1.036 | | | |
| | ж.интроверт | 20 | 10.38 | 1.237 | 3.256 | 1.856 | 70 |

Со тестирањето на *Хипотеза 6.* со t-тест за значајност на разликата помеѓу аритметичките средини, добиен е F=3.256 и t-тест кој изнесува t=1.856 што значи дека има значајна разлика во аритметичките средини помеѓу групите, односно женските екстравертни лица полесно ги препознаваат основните емоции за разлика женските интровертни лица, т.е хипотеза се потврдува.

## ДИСКУСИЈА

Во ова истражување се тргна од следните претпоставки:

- половата припадност има влијание врз процесот на препознавање на емоции, односно женските лица се поуспешни во препознавањето на емоции кај себе и кај другите;
- екстравертните лица, бидејќи се заинтересирани за случувањата во околината, отворени се и дружељубиви, за разлика од интровертните лица, кои се занимаваат најчесто со својот ментален живот и се повлечени, веројатно се и поуспешни во препознавање на емоциите кај другите;
- комбинацијата на полот и цртата на личност екстравертност-интровертност, би покажала дали има разлики во однос на препознавањето на емоциите помеѓу: женските лица кои се разликуваат по цртата на личност екстравертност-интровертност; машките лица кои се разликуваат по цртата на личност екстравертност-интровертност; женските лица

кои се екстравертни наспроти машките лица кои се екстравертни; женските лица кои се интровертни наспроти машките лица кои се интровертни.

Во овој дел од трудот ќе бидат анализирани и интерпретирани резултатите добиени од спроведеното истражување.

Добиените резултати (Табела 2) ја потврдија првата хипотеза која тврдеше дека женските лица полесно ги препознаваат емоциите од машките лица. Овие резултати се конзистентни со резултатите добиени во истражувањето на Роберт Розентал (1977) спроведно на повеќе од 7000 луѓе во Америка и во осумнаесет други земји, во кое меѓу другото е дојдено до заклучок дека жените имаат предност во препознавањето на емоциите врз основа на невербалните знаци. Постојат голем број на истражувачи, кои со своите студии и истражувања, ја потврдиле поголемата способност на женскиот пол во препознавањето на емоциите во однос на машкиот пол. Жените се сметаат за поемпатични и поспособни да врз основа на многу малку вербални или невербални знаци, откријат како некој се чувствува во одреден момент (http://www.nova.edu/ssss/QR/QR7-1/kostiuk.html).

Прегледот на резултатите добиени при тестирање на втората хипотеза, прикажани во Табела 3 покажува дека нема статистички значајна разлика во препознавањето на емоции помеѓу екстравертните и интровертните лица. Овие резултати не се во согласност со заклучоците на некои испитувачи кои велат дека екстравертните лица се подобри во препознавањето на емоции. Една од причините за ваквите резултати веројатно е непрецизноста во поделбата на примерокот на екстравертни и интровертни, поради нестандардизираноста на прашалникот EPQ. Прашалникот е само преведен од словенечката верзија и како таков само е прилагоден за наше користење. За целта на ова истражување, поделбата на екстравертни и интровертни лица е направена врз основа на аритметичката средина на пригодниот примерок. На ваков начин се добиени две групи на испитаници кои веројатно не се прецизно дефинирани и издвоени како екстравертни и интровертни. Исто така не треба да се заборави дека практично е невозможно да се поделат луѓето на екстравертни и интровертни, бидејќи чисти типови се ретки, односно поголем дел од луѓето се комбинација од двата типа.

Во случаите кога се разгледува препознавањето на емоциите во однос на полот на испитаниците и цртата на личност екстравертност се доаѓа до следниве резултати:

Резултатите добиени при тестирањето на третата хипотеза (Табела 4) ја потврдија хипотезата дека женските лица кои се екстра-

вертни полесно ги препознаваат емоциите од машките лица кои се екстравертни.

Резултатите добиени при тестирање на четвртата хипотеза (Табела 5) покажуваат дека нема статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите помеѓу интровертните женски и интровертните машки лица.

Нема статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите и помеѓу екстравертните машки и интровертните машки лица, покажуваат резултатите од тестирањето на петтата хипотеза (Табела 6).

Резултатите добиени при тестирање на шестата хипотеза (Табела 7) покажуваат дека има статистички значајна разлика во препознавањето на емоциите помеѓу екстравертните женски и интровертните женски лица. Односно, дека женските екстравертни лица полесни ги препознаваат емоциите за разлика од женските интровертни лица.

Од погоре дискутираните резултати, може да се заклучи дека: екстравертните женски лица полесно ги препознаваат емоциите од ектравертните машки лица и ектравертните женски лица полесно ги препознаваат емоциите за разлика од интровертните женски лица.

При разгледување на добиените резултати од ова истражување треба да се напомене дека потребно е да се имаат во предвид ограничувањата на мерните инструменти и примерокот. Цртата на личност екстравертност-интравертност е мерена со подскала од прашалникот EPQ, кој како што е веќе споменато не е стандардизиран на наша популација. Поделбата на екстравертни и интровертни лица, во овој случај не е прецизна. Ограничувањата на примерокот се однесуваат на начинот на кој тој е избран и на неговата големина. Примерокот кој е користен во ова истражување е пригоден. Тоа ни кажува дека намалена е можноста за прецизна генерализација. Големината на примерокот уште повеќе ја намалува можноста за генерализација. Добро би било во некое наредно истражување да се проверат овие резултати на поголем примерок кој е формиран по случаен избор.

(Рецензент: *проф. д-р Верица Стаменкова-Трајкова*)

## ЛИТЕРАТУРА

Krec. D. & Kracfild. R. (1973). ***Elementi psihologije***. Beograd: Naučna knjiga.

Лојк Л. (1979). ***Ајзеков упитник личности-EPQ Приручник***. Љубљана: Завод СР Словеније за продуктивност дела.

Milivojevic, Z. (2003). ***Emocije***. Novi Sad: Prometej.

Николоски, Т. (2001). ***Статистика во психологијата***. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет.

*Интернет адреси:*

Kostiuk L. M.& Fouts G. T.(2002). ***Understanding of Emotions and Emotion Regulation in Adolescent Females with Conduct Problems: A Qualitative Analysis*** http://www.nova.edu/ssss/QR/QR7-1/kostiuk.html

Lee TM, Liu HL, Hoosain R, Liao WT, Wu CT, Yuen KS, Chan CC, Fox PT, Gao JH (2002).***Gender differences in neural correlates of recognition of happy and sad faces in humans assessed by functional magnetic resonance imaging.*** Neuropsychology Laboratory, Department of Psychology, The University of Hong Kong, Pokfulam Road, http://www.HongKong.tmclee@hkusua.hku.hk

Understanding facial expressions, emotion, and deception, http://www.paulekman.com

Wikipedia. (2006). Carl Jung, http://en.wikipedia.org/wiki/CarlJung

Wikipedia. (2006). Personality, http://en.wikipedia.org/wiki/Extraversion

Sofija ARNAUDOVA

# THE IMPACT OF GENDER AND EXTRAVERSION OF STUDENT SOCIAL WORKERS IN THEIR RECOGNITION OF EMOTIONS


## Abstract

*The research has been made in order to determine whether there is a relation between the gender, the characteristics extraversion-introversion and recognition of the emotions among the students. A sample of 96 students from the Institute of Social work and Social Policy has been used for that purpose, 72 of which were female and 24 male.*

*The characteristics extraversion – introversion have been measured with subscale for measuring the personal dimension extraversion - introversion from the Aisenk's questionnaire EPQ. The recognition of the emotions has been measured with questionnaire made for that purpose from the person doing the research. From the results, the following conclusions have been made:*

- *Female students recognise the emotions easier than the male students;*
- *There is no evident difference in recognition of the emotions between extravert and introvert students;*
- *Female extravert students recognise the emotions easier than the male extravert students;*
- *There is no evident difference in recognition of the emotions between introvert female and introvert male students;*
- *There is no evident difference in recognition of the emotions between male extravert and male introvert students;*
- *Extravert female students recognise the emotions easier then introvert female students.*


***Keywords:*** *GENDER, EXTRAVERSION, INTROVERSION, RECOGNITION OF THE EMOTIONS.*